ОСМУ Никола Штејнг-Тетово

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

*Воведна одредба*

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот се обврзува :

- својата професија да ја врши совесно,одговорно и хумано ;
- воспитанието и образованието на учениците да му претставува највисок импертив на неговото професионално однесување ;
- со сите сили да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник и при вршење на своите должности да не дозволи да прави никакви разлики според:пол,нација,раса,возраст,сексуална наклонетост и општестевно-економска положба.
- на своите ученици,нивните родители и своите колеги да им го изразува должното почитување;

*Наставникот и општеството*

1. Воспитно-образовниот процес е процес на вклопување на младата генерација во интелектуална цивилизација преку усвојување на научни откритија и ставови на кои се темели современото општество.
2. Наставникот е општествено јавна личност и основен носител на воспитно-образовниот процес;
3. Како носител на важна и одговорна општествена функција наставникот е должен низ целиот свој работен век да се залага и да се бори за епистемолошки квалитетен и хумано насочен образовен систем;
4. Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за достоинството во професијата просветен работник,бидејќи само достоинствени личности можат кај своите ученици низ процесот на едукација да развиваат почит кон мудроста и стремеж кон доблеста;
5. Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за соодветен материјален надомест за неговата работа што ќе му овозможи достоинствено живеење од неговата професија и да се посвети целосно на квалитетно,стручно и одговорно извршување на работните задачи.
6. Наставникот како носител на важна и одговорна општествена функција не смее да врши физичко и психолошко малтретирање на у;ениците и вработените ;

*Наставникот и струката*

1. Секој наставник е стручен за определена област и е застапник на општествената заедница.
2. Наставникот треба постојано да се залага за општествена афирмација на својот предмет, атоа ќе го постигне преку:
   - предизвикување почит кон предметот кај колегите;
   - побудување на љубопитност кон проблемите што ги поставува неговиот предмет кај граѓаните од поширокатa општествена јавност;
3. Како стручна и општествена јавна личност наставникот може и треба да го популизира својот предмет и надвор од училиштето преку учество на јавни трибини,пишување на статии,стручни трудови,книги и др.;
4. Наставникот треба да е свесен дека како стручњак и просветител директно е одговорен за создавање на ангажман на интелектуален потенцијал и севкупниот свој професионален ангажман да го мобилизира во таа насока;

*Наставникот и часот*

1. Наставникот е должен да го започне часот на време;
2. Часот треба редовно да биде евидентиран како и отсутните ученици;
3. Часот треба да биде максимално заштитен од соопштенија, разговори кои не се во врска со планираните задачи и посети кои би го оневозможиле и планираниот тек на часот;
4. Секој час треба да биде добро испланиран за да овозможи максимален ангажман на сите ученици и постигнување на целите на часот;
5. Часот треба да се изведува според современата наставна технологија со користење на современи нагледни средства со кои се олеснува учењето;
6. Наставникот задолжително да носи работна облека(бел мантил) при реализација на наставата;

*Професионалниот лик на наставникот*

1. Наставникот треба да биде компетентен за работата што ја врши;

2. Наставникот е должен да ги почитува законските одредби;
3. Наставникот секогаш и секаде внимава на својот јазик кој треба да е литературен,јасен и достоинствен;
4. Наставникот треба секогаш да служи како пример со својот изглед и однесување:
- тој секогаш внимава на својот морален лик
- не смее својата работа во образовната дејност да ја користи за лични намени или да ја злоупотреби
- не се изложува на јавноста под дејство на алкохол или во афектни состојби
- гради авторитет и е личност во кој може да се има доверба
5. Секој наставник е должен професионално да се усовршува преку читање стручна литература,посета на семинари,размена на искуства со колегите други стручни лица;

*Наставникот и ученикот*
1. Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
2. Наставникот е обврзан професионално и чесно да се однесува кон секој ученик, без оглед на возраста,полот,верата,националноста,расатаи општествено-економската положба;
3. Наставникот да го советува ученикот како да учи т.е. ја поттикнува и негува самостојноста и критичката мисла на ученикот;
4. Наставникот го врденува знаењата и умеењата на ученикот и реално го оценува секој негов одговор,без оглед на предходните оценки;
5. Наставникот бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно го следи и вреднува;
6. Наставникот никогаш не го казнува телесно и не го малтерира психички ученикот;
7. Секој наставник избира слободна ( воннаставни) активности преку кои ќе им овозможат на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развијат своите таленти;
8. Наставникот е должен редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладувањето на снаставната материја;

*Наставникот и родителот*
Наставникот е во постојана комуникација со родителот и е должен:
- навремено да го повикува и известува
- да ги почитува неговите аргументи
- да бара негова соработка и ангажман во решавање на проблемите
- да го упатува на помош од компетентни лица кога тој не е во состојба да помогне

*Односот меѓу наставниците*
1. Наставникот е должен да почитува секој колега
2. Наставникот е должен да ги цени и почитува стручноста и достоинството на секој наставник во комуникацијата со учениците,родителите и др.лица
3. Наставникот е должен да биде максимално ангажиран во рабтата на стручниот актив на кој припаѓа

*Наставникот и училиштето*
1. Наставникот е должен да се грижи за целиот училишен имот на целиот простор, посебно за кабинетите- училниците во кој ја изведува наставата
2. Наставникот треба да прифати дека додека се наоѓа во училиштето тој е на должност цело време и секаде ;

Изготвил :
Мр. Ристоска Светлана , психолог